МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Улогата и задачите на медицинската сестра во предоперативниот и постоперативниот тек кај пациентите со ортопедски болести*

Министерство за здравство на Република Мекедонија

ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезиологија со интензивно лекување и ургентен центар - Скопје

**Gayrettepe Florence Nightingale Hastanesi**

***(02.11.2014 - 21.11.2014)***

***Лидија Димчевска Стоилковска***

**12/2014**

www.moh.gov.mk

## Gayrettepe Florence Nightingale Hastanesi

Третата по ред болница од ланецот болници Florence Nightingale во Турција, основана во 1997 година.

- Болницата е распространета на површина од 11.000 м2, располага со :

- 87 болнички кревети ,
- 10 кревети за интензивна нега на возрасни
- 5 кревети за интензивна нега на новороденчиња,
- 15 соби со кревети за новороденчиња,
- 6 операциони сали










Врвниот тим од експерти, нивното искуство и современата технологија со кои расоплагаа оваа болница им овозможуваат на пациентите ефикасни здратсвени услуги.

Во тек на едукацијата присуствував на прием на болен од операциона сала со следниве дијагнози:

- Laesio interna genu – Op.ARS
- Osteoid- osteoma
- Ruptura tendoahilis
- Coxartrosis sin – Op.TPK
- Gonartthrosis bill – Op.TPG – billateralis

При прием на болен, за предоперативна подготовка, сестрата е задолжена за следните работни задачи:

- изработка на сестринска анамнеза,
- вадење крв за лабораториски иследувања,
- ЕКГ,
- мерење на витални знаци ,
- облекување на пациентот во адекватна облека за еднократна употреба.
- отстранување на забни протези, накит,
- давање на премедикација
- одредување на крвна група и требување крв.

Пнеуматски цевен систем за транспорт на крв за испитување до лабараторија
како и транспорт на лекови од болничката аптека до одделите каде треба терапијата да се
апплицира  со што се заштедува на време, а сестрата целосно се фокусира на својата работа.



•Учество на сестрата во постоперативната нега кај пациенти со ортопедски болести:

- по оперативниот третмн пациентот неколку часа престојува во соба за будење а потоа се транспортира на оддел.
- мониторингот на пациентот се одвива во соба и притоа се мониторира:
- телесна температура на пациентот,
- пулс на пациентот
- артеријална тензија , при што се запишува на секој час во температурна листа
- празнење на дренот.

Пациентот прима континуирано Морфиум преку инфузомат и по потреба се покачува дозата за да се купираат болките.

Во комплетната историја на пациентот постои и листа за постоперативна терапија за болниот која се состои од антибиотик, антикоагулантна терапија и симптоматска терапија за болка која продолжува во домашни услови и до две недели.
Крвни деривати се администрираат во оперативната сала и на оддел не се прави трансфузија.









Апарати за мониторирање на пациентот

Првиот ден по оперативниот третман се врши преврска од страна на ортопед ( на фотографијата е претставена количката за преврска со сите потребни материјали и инструменти), вежби за дишење и вежби за движење на прстите од долните екстремитети.

Вториот ден по оперативниот третман  пациентот се става во седечка положба  со помош на сестра за потоа со помош на вокер да се вертикализира во присуство на доктор физијатар.



Ортопедско помагало за вертигализација на болните по оперативниот третман.

Времето на хоспитализација на пациентите по оперативниот третман на ортопедските болести трае 4 до 5 дена и притоа на крај од третманот :

- Имаат рез од оперативна рана кој е соодветно третиран.

- Се оспособени од страна на лекар физијатар да се движат со помош на вокер без потреба од помош од друго лице односно се вертикализирани.

- Адекватно се обезболени.



# Заклучоци

- За да се подобри здравстсвената услуга  и квалитетот на истата потребно е максимална соработка на мултидисциплинарен тим ( медицинска сестра, хирург ортопед, анестезиолог, физијатар, фармацевт )во кој секој ги исполнува совесно своите обврски.

- Со максимална посветеност за побрзо закрепнување на болниот се заштедуваат средства за престојот во болницата, а пациентот побрзо се враќа во својата средина рехабилитиран и во добра општа состојба.

- Посетата во овој болнички центар позитивно влијаеше на нашата доедукација , овозможувајќи ни со своите современи и најнови техники и опрема да апсолвираме многу корисни совети за  улогата, работата и значењето на медицинска сестра во предоперативниот и постоперативниот тек  на ортопедските пациенти кои подлежат на хируршка интервенција.